


# ЗОШТО ДА СЕ ОДБЕРЕ ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК

**1. Францускиот јазик, заедно со англискиот, е единствениот јазик кој се зборува на 5 континенти.**
Францускиот јазик е многу важен  за меѓународната комуникација. По англискиот, тој е втор по ред најизучуван и најпредаван јазик на сите континенти.

**2. Предност за професионалната кариера**
Познавањето на францускиот јазик претставува адут за вработување во бројните мултинационални француски и франкофонски компании во голем број различни сектори.

**3. Откривање на богат културен универзум**
Францускиот јазик овозможува патување во светот на културата, модата, гастрономијата, уметноста, архитектурата и науката.

**4. Предност за студирање во Франција**
Францускиот јазик ви овозможува влез на реномирани француски универзитети и стекнување меѓународно признати дипломи. Притоа, постојат многу можности за стипендии од француската влада.

**5. Посета на Париз и Франција**
При посетата на Париз и на другите француски региони, познавањето на францускиот јазик ќе ви овозможи подобро да ја запознаете културата, менталитетот и уметноста на живеењето на французите.

*J' ♥ la France*

**6. Јазик на меѓународните односи**
Познавањето на францускиот јазик е неопходно за секој којшто својата кариера планира да ја гради во меѓународните организации.

**7. Отворање кон светот**
Францускиот јазик ви овозможува нов поглед на светот бидејќи можете да комуницирате со франкофони на сите континенти.

**8. Францускиот јазик е пријатен за изучување**
Францускиот јазик не е тежок. Тој е специфичен јазик кој е милозвучен, мелодичен и романтичен и кој преку различни интерактивни методи лесно се совладува.

**9. Јазик преку кој се учат други јазици**
Преку францускиот можете лесно да ги научите  неговите сродни јазици како шпански, италијански, португалски или романски.

**10. Креативен пристап во изучувањето на јазикот**
Изучувањето на  француски јазик нуди можност за креативно изразување на учениците низ најразлични уметнички форми: театар, музика, танц и литература.

**11. Бројни можности за учество на национални и регионални франкофонски настани**: натпревари, театарски  и музички фестивали, летни кампови, форуми за млади, Меѓународни Олимпијади и дебати.

ET
EN PLUS,
JE PARLE
FRANÇAIS !

7 билигвални франкофонски паралелки во средното образование (Скопје, Битола, Неготино, Куманово, Тетово),

Повеке од 40 000 ученици од основните и 20 000 ученици  во  средните училишта во Република Македонија изучуваат францускиот јазик,

Повеке од 350 ученици од Република Македонија годишно полагаат ДЕЛФ (меѓународна диплома на Француското министерство за образование),

Повеке од 50 студенти од Република Македонија секоја година заминуваат на студии во Франција.

**« Une langue différente est une vision différente de la vie »**
– Различен јазик е различен поглед на животот!
**« Grâce aux langues, on est chez soi n’importe où »**
- Благодарение на јазиците, секаде сме како дома!